СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес

Излегува по потреба

Број 05 година LIV

04 април 2018 година

Бр.88

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за давање согласност за основање на Регионална депонија за Вардарскиот регион

Се објавува Одлуката за давање согласност за основање на Регионална депонија за Вардарскиот регион, што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 29.03.2018 година.

Број 08-1710/1
02.04.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 80 став (12) од Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10,09/2011, 51/2011, 123/2012, 147/13, 163/13,51/2015,146/15, 156/15,39/16 и 63/16), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 05/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес” бр 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес, на седницата одржана на ден 29.03.2018 година, донесе:

О Д Л У К А
за давање согласност за основање на Регионална депонија за Вардарскиот регион

Член 1

Со цел заштита на животната средина и здравјето на луѓето, а заради решавање на постоечкиот проблем за управување со отпадот на територијата на Општина Велес, Советот на Општина Велес дава согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за Вардарскиот регион од страна на Владата на Република Македонија, согласно член 80, став 12 од Законот за управување со отпадот.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Велес“.

Број 25-1663/4
30.03.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Бр. 89

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на цената за собирање и транспортирање на комуналниот и индустриски неопасниот отпад на територијата на Општина Велес

Се објавува Одлуката заизменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на цената за собирање и транспортирање на комуналниот и индустриски неопасниот отпад на територијата на Општина

Велес,што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 29.03.2018 година.

Број 08-1710/2
02.04.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 121, став 1, 4 и 5 од Законот за управување со отпадот(„Службен весник на РМ" бр.68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 82/09, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16, 63/16) и согласно член 10 од Методологијата за пресметување на цената за собирање, транспортирање и отстранувањена отпад („Службен весник на РМ“ бр. 30/13)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 29.03.2018 година, донесе:

О Д Л У К А
за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на цената за собирање и транспортирање на комуналниот и индустриски неопасниот отпад на територијата на Општина Велес

Член 1

Во Одлуката за утврдување на висината на цената за собирање и транспортирање на комуналниот отпад и индустриски неопасниот отпадна територијата на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 15/10), во членот 2, по зборовите: „Листата на видови отпад,означен како неопасен отпад,” се додаваат зборовите: „вклучувајќи го и комерцијалниот отпад”.

Член 2

Во членот 2, по став 1 се додаваат ставовите 2, 3 и 4 кои гласат:

„ Корисници на услугата за собирање и транспортирање на комунален отпад се физичките лица (домаќинствата)од индивидуални станбени единици, колективни станбени единици и домаќинствата во рурални средини.

Корисници на услугата за собирање и транспортирање на комерцијален отпад се следните категории правни и физички лица:

- големи правни субјекти (производствени капацитети, трговски центри, фабрики, банки, хотели, осигурителни компании, стоваришта)

- мали правни субјекти (мини маркети, колонијали, канцеларии, угостителски објекти, трафики и сл.)

- училишта, градинки, здравствени објекти здравствени ординации од примарна здравствена заштита, пензионерски домови, верски објекти и сл).

Корисници на услугата за собирање на индустриски неопасен отпад се правни и физички лица кои создаваат отпад од производните процеси во индустријата кој не содржи опасни карактеристики”.

Член 3

Во членот 3, став 1 по зборот „комуналниот“, се додаваат зборовите „ отпад и комерцијалниот отпад од мали правни субјекти“, понатаму зборовите „индустриски неопасниот отпад” се бришат.

Во членот 3, после став 1 се додаваат ставовите 2 и 3 кои гласат:

„Висината на цената за собирање и транспортирање на комерцијален отпад за правни субјекти утврдени во член 2, став 3, алинеја 1 и 3 од оваа Одлука се пресметува врз основа на количеството и видот на создадениот отпад, изразен во денар на метар кубен отпад и изнесува:

- 463 ден/м3.

Висината на цената за собирање и транспортирање на индустриски неопасниот отпад од член 2, став 4 од оваа Одлука се пресметува врз основа на количеството и видот на создадениот отпад, изразен во денар на метар кубен отпад и изнесува:

- за физички и правни лица - 463 ден/м3”.

Член 4

По член 3 се додаваат членовите

Член 3-а

Доколку создавачите на комерцијален отпад утврдени во член 2 став 3, алинеја 1 и3 од оваа Одлука, спроведат селекција на отпад и селектиран отпад го предадат на давтелот услугата ЈКП „Дервен“ висината на цената ќе биде намалена за 5% за секој м3 собран селкетиран отпад од износот од утврдената цена за м3

Член 3-б

ЈКП „Дервен“ е должен да склучи посебен договор со секој корисник на услугата од член 2, став 2, алинеја 1 и 3, како и член 2 став 4 од оваа Одлука, во кој ќе бидат регулирани правата и обврските на корисникот и давателот на услугата.“

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Велес, а ќе се применува од 01.05.2018

Број 25-1663/5
30.03.2018 година
Велес

Председател
на Совет на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 90

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за давање на управување на ЈКП „Дервен“ Велес водоснабдителен и канализационен систем за населено место Сливник

Се објавува Одлуката за давање на управување на ЈКП „Дервен“ Велес водоснабдителен и канализационен систем за населено место Сливник,што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 29.03.2018 година.

Број 08-1710/3
02.04.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 32 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Службен весник на РМ" бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15 и 147/15), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14), а согласно член 25 од Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр. 02/13),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 29.03.2018 година, донесе

О Д Л У К А
за давање на управување на ЈКП „Дервен“ Велес водоснабдителен и канализационен систем за населено место Сливник

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес на ЈКП „Дервен“ Велес врши давање на управување (преотстапување) на водоснабдителниот и канализациониот систем за населено место Сливник, кој не се дел од јавниот водоснабдителен и канализационен систем.

Член 2

Водоснабдителниот и канализациониот систем (водоводните и канализационите објекти и инсталации) од член 1 на оваа Одлука и нивната техничка исправност е утврдена од страна на Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Велес.

Од страна на Комисијата е составен Записник за техничката исправност на водоснабдителниот и канализациониот систем, со исполнети услови за преотстапување на системите на ЈКП „Дервен“ на управување.

Записникот е составен дел на оваа Одлука.

Член 3

За проценка на вредноста на водоснабдителниот и канализациониот систем постои техничка и финансиска документација кои се утврдени во записникот од член 2, став 2 на оваа Одлука.

Член 4

Општина Велес е должна во рок од еден месец од денот на донесувањето на оваа Одлука да склучи договор со ЈКП „Дервен“ во кој ќе бидат регулирани меѓусебните права и обврски за понатамошно управување на системите согласно закон.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1663/6
30.03.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 91

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за престанок на важност на Одлуката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес од областа на културата - античка драма „Стоби“ Велес

Се објавува Одлуката за престанок на важност на Одлуката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес од областа на културата - античка драма „Стоби“ Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 29.03.2018 година.

Број 08-1710/4
02.04.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09, 18/10 и 15/14)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.03.2018 година, донесе

О Д Л У К А
за престанок на важност на Одлуката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата - античка драма „Стоби“ Велес

Член 1

Со ова Одлука престанува да важи Одлуката за делегирање на дел од надлежноста на Општина Велес за културната манифестација Интернационален фестивал на античка драма „Стоби“ 07-701/8 од 14.02.2011 година. („Службен гласник на Општина Велес бр.3/11).

Член 2

Културната манифестација фестивал на античка драма „Стоби“, ќе ја реализира Организациски одбор составен од претседател и (4) четири члена.

Организацискиот одбор го именува Советот на Општина Велес, а мандатот на членовите на одборот е две години.

Член 3

Организацискиот одбор го сочинуваат претставници од Општина Велес и истакнати личности од областа на театарската уметност од Велес и Република Македонија.

Член 4

Организацискиот одбор работи согласно Правилник со кој се регулира начинот и постапката за реализирање на Фестивалот на античка драма „Стоби“ Велес.

Член 5

Средствата потребни за реализирање на Фестивалот на античка драма „Стоби“ Велес се обезбедуваат од:
- Буџетот на Општина Велес;
- Министерство за култура;
- Други извори.

Член 6

Административно-техничките и материјално-финансиските работи на Културната манифестација Фестивал на античка драма „Стоби“ Велес ги извршуваат стручните служби на Општина Велес.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1663/7
30.03.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 92

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Општина Велес

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Општина Велес,што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 29.03.2018 година.

Број 08-1710/5
02.04.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“бр.5/02), член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес(„Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 29.03.2018 година, донесе

О Д Л У К А
за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Општина Велес

Член 1

Во Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес” бр. 1/13 и 17/13), член 9 се менува и гласи:

„Поставувањето на урбаната опрема пред деловните објекти каде што се врши дејност е дозволено само во широчината и должината на деловниот објект кон јавната површина, доколку се исполнети стандардите од оваа одлука и условите од други прописи.

Опремата може да излегува од границите на ширината и должината на објектот доколку местото каде што се поставува урбаната опрема претставува просторна целина, поставувањето не го попречува нормалното движење, ги исполнува пропишаните стандарди од оваа одлука и како целина е одобрена од страна на комисијата надлежна за спроведување на оваа одлука.

Доколку во просторот околу деловниот објект има организирана јавно прометна површина на која може да се постави урбана опрема, тогаш вршителот на дејноста од деловниот објект има право да поднесе барање за користење на истата, за кое користење ќе биде потребно да се обезбеди посебно мислење од комисијата за одобрување на елаборати за исполнети стандардите од оваа одлука и условите од други прописи.

Урбаната опрема што се поставува по повод манифестации, презентации, изложби и за вршење на угостителска дејност, секојдневно по завршувањето на работното време се отстранува од јавната површина”

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Број 25-1663/8
30.03.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 93

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за поставување на урбана опрема на територијата наОпштинаВелес

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за поставување на урбана опрема натериторијата наОпштинаВелес.,што Советот на Општина Велес го донесе наседницата одржана на 29.03.2018 година.

Број 08-1710/6
02.03.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес"бр.12/06,3/09, 18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.03.2018 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Велес

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Велес

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1663/9
30.03.2018 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Врз основа на член 39 став 3 од Законот за градежно земјиште („Службенвесник на РМ" број бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16), член80 и 80-аодЗаконотзаградење ("СлужбенвесникнаРМ"бр.130/09……214/16), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02) член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

СоветотнаОпштинаВелеснаседницатаодржананаден29.03.2018година, донесе

ПРОГРАМА
запоставување на урбана опрема на територијата наОпштинаВелес

ВОВЕД

Согласно горенаведените законски одредби, Советот на Општината донесува Програмазапоставување на урбана опрема на јавни површини, кои претставуваат градежно изградено и уредено земјиште.

Со истата се утврдува: начинот, условите на поставување и отстранување на урбаната опрема и микролокациите на кои се предлага нивното поставување на територијата на Општина Велес.

ЦЕЛ

Со донесувањето на Програмата би се постигнеле следните цели:

- Евиденција на урбана опрема на територија на општината, за кое Општината е должна да води единствен регистар;
- Естетско обликување, подобрување и воведување на нови стандарди воуредување на просторот;
- Уредување, оплеменување, хуманизација на просторот и заштита наживотната средина;
- Можност за активирање на повеќе стари занаети и различни видови наракотворби преку изработка, изложување и продажба на накит, уметничкипредмети, предмети за различна употреба, сувенири;
- Брз сервис и услуга на граѓаните од непосредната близина (продажба набилети за јавен превоз, телефонски говорници, автобуски постојки,продажба на весници, сувенири, цвеќиња).

УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ

За да се испочитуваат целите од оваа програма, како урбана опрема која може да се постави на јавно прометните површини како градежно изградено земјиште, и да се извршува дејност која се однесува на: опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, храна, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско-конзуларните претставништва, на објекти на државната управа и резиденцијалните објекти, јавни санитарни јазли, тераси со и без настрешници, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, самостоечки рекламни паноа, детски игралишта, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.

Поставувањето на урбаната опрема треба да ги исполнува следните критериуми:

- функционален (намена на површината, според вршењето на дејноста);
- естетски (поставеност според околниот простор);
- типски (форма и големина според дејноста) и
- материјален (економски, согласно кетегоријата време).

Поставувањето на урбаната опрема согласно дадените микролокации, ќе се врши во согласност со Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр. 01/13 и 17/13), како и Одлуката за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема („Сл. гласник на Општина Велес" бр. 01/13 и 17/13).

ПЛАНИРАЊЕ И ПОСТАВУВАЊЕ
- МИКРОЛОКАЦИИ

Се планира простор за поставување на урбаната опрема на површина која претставува градежно изградено земјиште и уредено земјиштебез притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста насообраќајот.

Урбаната опрема се поставува по претходно добиено одобрение за поставување наурбанаопрема, кое го издава Градоначалникот на општината.

Урбаната опрема која се поставува пред деловни и други објекти се поставува на утврдена микролокација,дадена со графичкиотприлог со точно позиционирање на урбаната опрема кое е утврдено во Елаборат кој го одбрува посебна Комисија формирана од Градоначалникот на Општината.

· **Билборди:**

1. На влезот во градот од Превалец и тоа спрема бензинската станица;
2. На ул. „Благој Ѓорев“, во населба Тунел покрај игралиштето;
3. На ул. „Благој Ѓорев“, пред пешачкиот мост кај населба Керамидна (пред површината на Касарна);
4. На ул. „Благој Ѓорев“, зад споменикот на Панко Брашнар (спрема објектите на Касарната);
5. На тротоарот спрема крстосницата помеѓу ул. „Благој Ѓорев“ и ул. „Наум Нумовски Борче“;
6. На крстосницата помеѓу ул. „Благој Ѓорев“ и ул. „Шефки Сали“ и тоа на тревната површина кон Здравствен дом;
7. На ул. „Андон Шурков“ пред училишниот двор на ССОУ„Коле Неделковски”;
8. На јавниот паркинг под Саат кулата;
9. Во паркчето кај Мало мовче спрема јавниот паркинг под Саат кулата;
10. На ул.„Петре Прличко“, до стар мост (кај паркингот);
11. На ул.„Петре Прличко“, пред Автобуска станица;
12. На крстосницата помеѓу ул.„ Димитар Влахов“ и ул.„Вера Циривири-Трена“;
13. На ул.„Димитар Влахов“, во малиот парк пред Железен мост;
14. На ул.„Димитар Влахов“ (спроти “Алекс” во паркот);
15. Пред објектот на бензинската станица на Макпетрол (спрема Костурница);
16. На ул. „Алексо Демниевски-Бауман“, на влезот во јавниот паркинг кај Ликовен салон;
17. На крстосницата помеѓу ул. „Наум Наумовски Борче“ и ул. „Алексо Демниевски“ по објектот на бензинската станица на Макпетрол кон Градскиот базен;
18. Во зелената површина на крстосницата помеѓу ул„Наум Наумовски Борче“ и ул. „Алексо Демниевски“ кон објектот на СОУ Гимназија „Кочо Рацин“;
19. Спрема дворот на СОУ Гимназија „Кочо Рацин“ до зградата на Државен Архив;
20. На оградата на надвозникот над Градскиот базен(од лева и десна страна);
21. На ул. „Андон Шурков“, спроти бензинската станица на „Брако Петрол“;
22. На крстосницата помеѓу ул.„Орце Мартинов“ и ул.„Васил Ѓоргов“;
23. На крстосницата помеѓу ул.„АСНОМ“ и ул.„Борис Трајковски“;
24. На крстосницата помеѓу ул.„АСНОМ“ и ул.„Андон Шурков“, спроти бензинската станица „Црна Река“ (пре објектот на Скопска пивара);
25. На крстосницата помеѓу ул.„Андон Шурков“ и ул.„Раштански Пат“.
26. Во паркот пред зградата на Општина Велес;
27. На улица „Благој Ѓорев“ пред фонтаната кај кружниот тек м.в„Авона“.
28. Кај крстосницата со кружен тек кај м.в „ Авона“ (од лева страна, гледајќи кон ул. „8 Велешка“)
29. На улица „Благој Ѓорев“ спроти стоковна куќа „Бос“;
30. На крстосницата помеѓу ул „Благој Ѓорев“ и ул. „Васил Ѓоргов“
31. На улица „Благој Ѓорев“ спрема скалите на Здравствен дом (во близина на пошта)
32. Пред Јаворот на спојот на улица „8-ми Септември“ и улица „Страшо Пиҥур“
33. Во близина на Јаворот, пред зградата на Управа за Јавни приходи и Централен регистер;
34. Кај крстосницата со кружен тек, пред јавниот паркинг, на улица „8 Септември“;
35. Кај крстосницата со кружен тек на улица.„Илинденска“;
36. На крстосницата помеѓу ул „Благој Ѓорев“ и ул „Алексо Демниевски“
37. На ул „Борис Трајковски“ во близина на споменикот Алексо Демниевски Бауман;
38. Пред објектот на бензинската станица на Макпетрол, на ул. „Димитар Влахов“;
39. Влез од Автопат А1 „ВелесИсток“ кон Речани (десна страна);
40. Во Речани кај базата на Македонија пат;
41. Кај ЕНМОН;
42. Кај бензинската станица „Башино Петрол“;
43. Во нас. Шорка, кај игралиштето;
44. На ул. „Вардарска“, спроти зградата на ЈП „Лисиче“;
45. Лево од влезната врата во дворното место на СОУ Гимназија „Кочо Рацин“

-Кај трафостаница во Речани и

-Влез во Велес од Башино Село м.в.„Шорка“ (десна страна).

· **-Урбана опрема:**

По увидот на лице место од страна на стручните служби дополнително ќе бидат утврдени микролокации за поставување на урбана опрема во градот.

Издавањето на микролокациите за поставување на билбордите и урбаната опрема на земјиште во сопственост на Република Македонија, ќе се спроведува по пат на јавна и транспарентна постапка, по спроведен јавен оглас, од страна на комисија формирана од Градоначалникот.

За локациите кои се утврдени на замјиште чиј корисник/сопственик е друго правно или физичко лице, задолжително е потребно одборение за поставување, издадено од Градоначалникот на општината.

-Партерно уредување

Локациите и бројот на партерно уредување ќе се утврдува со Елаборати за поставување на урбана опрема (клупи, жардињери, фонтани, корпи за отпадоци..идр.) одбрени од посебна Комисија формирана од Градоначалникот на Општината.

-Автобуски стојалишта

Локациите на автобуските терминали, свртувалишта, стојалишта се потврдува, согласно Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес, по предлог на стручните служби дополнително ќе бидат утврдени нови микролокациииза автобуски стојалилшта.

-Јавни санитарни јазли

Локациите и бројот на јавни санитарни јазли ќе се утврдува со Елаборати за поставување на урбана опрема одобрени од Комисија за одобрување на елаборати за користење на јавно прометна површина формирана од Градоначалникот на Општината, по предходна добиена согласност од ЈКП Дервен.

ПРЕОДНИ и ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Надзор над примената на оваа Програма врши надлежниот сектор на општината, кој е должен да води и посебен Регистар за издадени одобренија за поставување на урбана опрема.

Одредбите на оваа програма не се однесуваат на утврдените градежни парцели, согласно детален урбанистички план каде организација на просторот се врши согласно планска и проектна документација.

Изменувањето и дополнувањето на Програмата се врши на начин како и што се донесува.

Составен дел на оваа Програма е графички приказ на микролакациите за поставување на билбордите и урбаната опрема.

Со донесувањето на оваа Програма престанува да важи Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Велес со бр. 07-3224/5 од 04.04.2014 година.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1663/9
30.03.2018 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 94

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2018год

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2018год., што Советот на Општина Велес го донесе наседницата одржана на 29.03.2018 година.

Број 08-1710/7
02.03.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06, 3/09, 18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.03.2018 година донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програматаза активностите на Општина Велес во областана културата за 2018год.

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2018год.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службенгласник на Општина Велес“.

Број 25-1663/10
30.03.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/22), член 7, точка 3 од Законот за култура („Сл. весник на РМ“ бр.31/98.....39/16) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 8/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.03.2018 година ја донесе следната

ПРОГРАМА
за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2018 година

Член 1

Со оваа Програма се вршат следните изменувања и дополнувања во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2018 година („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 19/17):

· **Во глава I МАНИФЕСТАЦИИ**

Ставката со реден бр.9 што гласи: Рок ФЕСТ „Велес“, се заменува со XVI- ти Интернационаленфестивалнаантичкадрама „Стоби“.

· **Во глава VI ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА**

Воставкатасореденбр.1„ Блок дотација култура“, воколонаПредвиденисредства – Министерство за култура“износот „9.375.346“ сезаменувасо „9.496.888“ ивоколоната „вкупно“износот „9.375.346“ сезаменувасо „9.496.888“.

Во позицијата **ВКУПНО VI.ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА,** воколонаПредвиденисредства – Министерство за култура“износот „9.375.346“ сезаменувасо „9.496.888“ ивоколоната „вкупно“износот „12.430.146“ сезаменувасо „12.551.688“.

Во позицијата **ВКУПНО Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата**, воколонаПредвиденисредства – Министерство за култура“износот „9.575.346“ сезаменувасо „9.696.888“ ивоколоната „вкупно“износот „30.500.146“ сезаменувасо „30.621.688“.

Член 2

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл. гласник на Општина Велес“

Број 25-1663/10
30.03.2018 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 95

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2018год

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2018год., што Советот на Општина Велес го донесе наседницата одржана на 29.03.2018 година.

Број 08-1710/8
02.03.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес"бр.12/06, 3/09, 18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.03.2018 година донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програматаза активностите на Општина Велес во областана образованието за 2018год.

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2018год.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службенгласник на Општина Велес".

Број 25-1663/11
30.03.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 и 9 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02) член 183, точка 8, алинеа 3 од Законот за заштита на децата („Сл. весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15 и 27/16) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.03.2018 година, донесе

ПРОГРАМА
за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2018 година

Член 1

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2018 година („Сл. гласник на Општина Велес" бр. 19/17) се врши следната измена:

· **Во глава V ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА**

Во ставка со реден бр.1 Блок дотација-основно, во колона „Предвидени средства-МОН" износот „204.726.000"се заменува со износот „207.460.000" и во колона „вкупно" износот „204.726.000" се заменува со износот „207.460.000"

Во ставка со реден бр.2 Блок дотација-средно, во колона „Предвидени средства-МОН" износот „137.533.000" се заменува со износот „139.007.000" и во колона „вкупно" износот „137.533.000" се заменува со износот „139.007.000".

Во позицијата „вкупно" во колоната „Предвидени средства МОН" износот „342.259.000", се заменува со „346.476.000", и во колона „вкупно" износот „386.939.631" се заменува со износот „391.147.631".

Во позиција „Вкупно Програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2018 година" во колона „Предвидени средства –МОН" износот „342.259.000" се заменува со „346.476.000", и во колона „Вкупно" износот „„402.622.871" се заменува со „406.839.871".

Член 2

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес"

Број 25-1663/11
30.03.2018 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 96

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес"бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Правилник за одредување на надомест за користење на сали и др. објекти сопственост на Општина Велес од страна на правни и физички лица за комерцијални услуги

Се објавува Заклучокот за донесување на Правилник за одредување на надомест за користење на сали и др. објекти сопственост на Општина Велес од страна на правни и физички лица за комерцијални услуги,што Советот на Општина Велес го донесе наседницата одржана на 29.03.2018 година.

Број 08-1710/9
02.03.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес"бр.12/06, 3/09, 18/10 и 15/14), Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.03.2018 година донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Правилник за одредување на надомест за користење на сали и др. објекти сопственост на Општина Велес од страна на правни и физички лица за комерцијални услуги

1.Советот на Општина Велес го донесе Правилникот за одредување на надомест за користење на сали и др. објекти сопственост на Општина Велес од страна на правни и физички лица за комерцијални услуги.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службенгласник на Општина Велес".

Број 25-1663/12
30.03.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петровс.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14) Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.03.2018 година, донесе

ПРАВИЛНИК
за одредување надомест за користење на сали и др.објекти сопственост на Општина Велес од страна на правни и физички лица за комерцијални услуги

Член 1

Со овој Правилник се утврдува надомест за користење на сали и др. објекти кои се во сопственост на Општина Велес од страна на правни и физички лица кој ќе користат простор за комерцијални услуги (во понатамошниот текст корисници)

Член 2

Корисниците се определуваат врз основа на поднесено барање за користење на сали или др. објекти. Во кое се наведува и наменската потреба за користење на салите или др. објекти сопственост на Општина Велес.

Член 3

Салите и др. објекти сопственост на Општина Велес ќе се даваат на користење на корисници за едукативни и промотивни потреби, при одржување на манифестации и други јавни случувања од типот на семинари, работилници, предавања, видео конференции, промоции, јавни дискусии, изложби и слично.

Член 4

Користење на сали и др. објекти сопственост на Општина Велес од страна на корисниците може да се врши во работни и

неработни денови по претходно добиено одобрение од сопственкот, со утврден надоместок од 600,оо денари по час.

Член 5

Вкупниот надоместокот за користење на салите, ќе биде утврден во одобрението согласно барањето за временскиот термин на користење.

Во утврдено време се засметува и времето за подготовка пред одржување на настанот и припремите по завршување на настанот, со време од 30 минути пред започнување и 30 минути по завршување на настанот.

Член 6

Корисниците се обврзуваат:

- да се однесуваат кон просторот како добри домаќини;
- да ги почитуваат условите и куќниот ред;
- да ги остават салите и др. објекти секогаш во исправна и уредна состојба како што се затекнати;
- надоместок на утврдена штета настаната за време на користење на салите и др. објекти спротивно на нивната намена;

Член 7

Општината се обврзува да овозможи услови за несметано користење на просторот во определеното време.

Член 8

Изменување и дополнување на овој правилник ќе се врши на начин како што се донесува.

Овој Правилник влегува во сила наредниот дек од денот на објавувањето во „ Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1663/12
30.03.2018 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 97

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за неусвојување на Извештај за реализација на Културната манифестација XIV-ти Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ 2017година

Се објавува Заклучокот за неусвојување на Извештајот за реализација на Културната манифестација XIV-ти Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ 2017година,што Советот на Општина Велес го донесе наседницата одржана на 29.03.2018 година.

Број 08-1710/10
02.03.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ”бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,3/09, 18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.03.2018 година донесе

З А К Л У Ч О К
за не усвојување на Извештај за за реализација на Културната манифестација XIV-ти Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ 2017година

